Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 09.02.2020

На 08.02.2020 во 15,40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на улицата "Есперанто" го лишиле од слобода Ј.Ј.(31) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени марихуана и нож на расклопување. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.02.2020 во 22,50 часот, полициски службеници од СВР Скопје од улицата "Скупи" го лишиле од слобода Џ.Е.(23) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.02.2020 во 12,00 часот, полициски службеници од СВР Скопје во с.Визбегово го лишиле од слобода Љ.С.(24) од Тетово затоа што при извршен преглед кај него бил пронајден пиштол "Ретаи Гарон" 9 мм и една рамка со три куршуми. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.02.2020 околу 21,00 часот на магистралниот пат Куманово–Крива Паланка од полициски службеници било сопрено товарно моторно возило „ДАФ" и полуприколка со скопски регистарски ознаки управувано од С.Н.(38) од Радовиш. При преглед на возилото биле пронајдени 26 мигранти, сите од Бангладеш, од кои осум биле малолетници. Возачот и мигрантите биле приведени во СВР Куманово за понатамошна постапка, а потоа мигрантите биле пренесени во Транзитниот центар Табановце.

На 08.02.2020 во 08,40 часот било пријавено дека на Железничката станица Илинден на перон бил поставен товарен воз со 15 вагони (цистерни натоварени со дизел гориво), при што М.Б.(46) од Скопје се качил на една цистерна, по што го удрил струен удар од електричниот вод на пругата. М.Б. починал на местото на настанот. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР-Скопје.

На 08.02.2020 во 15,00 часот во СВР Куманово од Ургентниот центар Куманово било пријавено дека од ул.„Тодор Велков", било донесено дете со повреди од пад. Од полициски службеници било излезено на местото на настанот и било констатирано дека истиот ден околу 14,30 часот, шест малолетници заминале во зградата на поранешен „Житомел" со цел да се фотографираат. Потоа сите се качиле на петтиот кат од објектот, во делот силоси за жито, по што еден од нив на возраст од 14 години движејќи се наназад, не забележал дека на подот има отвор од силос, и пропаднал внатре во отворот, паѓајќи до приземната просторија. Детето се здобило со тешки телесни повреди по што било пренесено во Комплексот клини "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР-Куманово.

На 08.02.2020 во 08,45 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека во Прилеп на ул.,,Никшиќка" настанал пожар во куќа каде живеела О.С. (72), која починала на местото на настанот. Пожарот бил изгаснат од Територијална противпожарна единица-Прилеп. Извршен бил увид на местото на настанот од Полициската станица Прилеп.

На 08.02.2020 во 14,00 часот било пријавено дека на ул.„Св.Кирил и Методиј", после крстосницата со бул.„Кочо Рацин" патничко моторно возило „Фолксваген Голф" со скопски регистарски ознаки управувано од С.Б.(57) од Скопје удрило во пешакот П.П.К.(77) од Скопје. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во Градската општа болница "Св.Наум Охридски за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 08.02.2020 во времето од 14,00 до 14,30 часот од полициски службеници од ОВР Гостивар по претходна судска наредба бил извршен претрес во домот на З.Б.(21) од Гостивар кој претходно бил лишен од слобода и задржан во Полициската станица Гостивар. При претресот била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.02.2020 во 02,36 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Емин Дураку" опожарено било патничко моторно возило „Фолксваген Голф" со скопски регистарски ознаки сопственост на Б.Е.(38) од Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 08.02.2020 во 17,45 часот на ул."Јордан Златаноски" во близина на фудбалскиот стадион во Тетово бил лишен од слобода Р.Е.(28) од Тетово затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08/09.2020 во времето од 22,00 до 04,00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена за учесници во сообраќајот што управувале возила под дејство на алкохол. Во контролата на тетовскиот регион биле откриени 15 возачи под дејство на алкохол, а во гостиварскиот регион биле откриени тројца возачи под дејство на алкохол. Тие биле исклучени од сообраќајот и им биле изготвени поднесоци.

На 08.02.2020 во 20,00 часот било пријавено дека на булеварот "Никола Карев" по претходна меѓусебна расправија, дошло до меѓусебна пресметка помеѓу Е.А.(32) и Д.Р.(34) двајцата од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.02.2020 во 19,30 часот било пријавено дека во с.Волково-скопско во угостителски објект С.Д.(24) по претходна вербална расправија физички го нападнал Д.Р.(45) двајцата од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 09.02.2020 во 00,00 часот било пријавено дека с.Кучевиште-скопско во угостителски објект по претходна вербална расправија дошло до меѓусебна пресметка помеѓу С.Б.(25), И.П.(24), и Ф.Д.(20) од една страна и Љ.Б.(40) од друга страна сите од село Кучевиште. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.02.2020 во 21,20 часот на ул."1523" полициски службеници од СВР Скопје, вршејќи редовна служба, се обиделе да запрат патничко моторно возило „Даеву Нексија" без регистарски таблички, во кое имало две лица, а возилото било натоварено со огревно дрво. Возачот на дадениот знак не застанал и со голема брзина се упатил по бул.„Борис Трајковски", а потоа кон с.Батинци и с.Елово. Полициските службеници се упатиле по возилото и го пресретнале во атар на место викано „Црвена". Од возилото излегле двете лица и истото го турнале во провалија, по што го напуштиле местото на настанот. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.02.2020 во 18,00 часот било пријавено дека во Клиничка болница Битола Б.Т.(27) од Битола кој бил вработен во обезбедување во болницата додека бил на работа бил физички нападнат од А.Н. од Битола. Се работи на расчистување на случајот.

На 09.02.2020 во 01,00 часот било пријавено дека во Неготино во угостителски објект А.Н. (28) бил физички нападнат од С.Ј.(36) од Кавадарци. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.02.2020 во 12,30 часот било пријавено дека во с.Г.Оризари-велешко по претходна расправија Ј.А.(56) со тврд предмет физички го нападнал И.А.(57). Се работи на расчистување на случајот.

На 07.02.2020 во 19.30 часот било пријавено дека во Велес на ул."Петре Прличко" Т.Ј.(33) од Кочани бил физички нападнат од неколку лица меѓу кои биле и три лица од Битола, роднини на неговата поранешна сопруга. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.02.2020 во 14,30 часот било пријавено дека во Гостивар Ф.Ј.(31) од Гостивар била касната од куче скитник.

На 08.02.2020 во 11,10 часот било пријавено дека во Кичево на ул."Маршал Тито" П.Е.(23) од Кичево била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 08.02.2020 во 18,15 часот во СВР Тетово Х.Е.(35) од Тетово пријавил дека истиот ден околу 16,30 часот во Тетово на улицата "Благоја Тоска" неговиот 16 годишен син бил физички нападнат од М.Ш.(51) од Тетово. По кратко време М.Ш. бил пронајден и приведен во полициска станица. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 08.02.2020 во 23,10 часот било пријавено дека во с.Желино во угостителски објект по претходна вербална расправија С.Е.(36) бил физички нападнат од С.Џ.(32) двајцата од с.Желино. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.02.2020 во 23,50 часот во СВР Охрид 39-годишна жена од Охрид пријавила дека истиот ден околу 21,00 часот во нејзиниот дом по претходна расправија со нејзиниот сопруг Ј.Б. физички ја нападнал. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет